**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Петтото продолжение на Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 септември 2007 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 15,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Бесим Догани, потпретседател на Собранието.

**Бесим Догани:** Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа по Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Илија Китаноски, Анета Стефановска, Јани Макрадули, Радмила Шекеринска, Никола Рилковски, Андреј Жерновски, Слободан Најдовски, Иван Анастасовски, Елмазе Селмани, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Али Ахмети и Данаил Дончев, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Петта точка: - Предлог за донесување на закон за основање на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, со Предлог на закон.**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 3, поднесен од пратеникот Азис Положани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование и наука господинот Јован Лазарев, повелете.

**Јован Лазарев:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, повторно ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да го изгласаме амандманот.

(Присутните пратеници во салата чекаат да се создаде кворум за гласање).

Уште еднаш ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата, а службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Во салата нема кворум).

Уште еднаш ги повикувам сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата, а службите да не информираат колку пратеници се присутни во салата.

(Повторно во салата нема кворум).

Ги молам пратениците да ги заземат своите места, а службите уште еднаш да не информираат за присутноста бидејќи пристигнаа уште некои пратеници.

Во салата се присутни само 60 пратеници, затоа ќе ги замолам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата, за да можеме да продолжиме со работа.

Во салата сега се присутни 61 пратеник.

Затоа, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 62 пратеника за амандманот гласале 57, од нив 5 за, 2 воздржано, против 50.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за менување на став 3, поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за образование и наука.

**Јован Лазарев:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Влдата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани пратеници, да стане јасно, ве молам, ако може да се сослушаме, останати се уште шест-седум амандмани, повеќето се од техничка природа, па би било добро да се покаже малку поголема стрпливост. Овој амандман е еден од клучните кој по наше уверување ја менува целата суштина на предложениот закон за основање на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност.

Членот 12 став 3 предлагаме да се промени и да гласи: “Управниот одбор на Агенцијата да го сочинуваат претседател и 11 члена и тоа по тројца од Министерството за образование и наука и Министерството за финансии и по еден претставник од Сојузот на студентите од секој државен универзитет и еден заеднички претставник на студентите на приватните високообразовни институции”. Дозволете да објаснам што всушност сакавме со ова.

На полна уста, барем ние од Универзитетот, секогаш декларативно сме се залагале студентите да добиваат поголеми права во управувачките структури на Универзитетот. За тоа впрочем ќе дискутираме, ќе дебатираме во Законот за високо образование, бидејќи студентите преку нивните асоцијации, организации и здруженија дадоа свои предлози и амандмани. Ако Агенцијата се формира за да се користат, значи ги цитирам програмите од Програмата за доживотно учење, значи Комениус, Еразмус, Леонардо да Винчи, Грунтлин, Жан

Моне и Трансферзалната програма, особено Еразмус Мундус во кој што мобилноста која што е развиена во Европа е подигната на највисоко ниво, се поставува прашањето по кои критериуми и на кој начин ќе се спроведува селектирањето на кандидатите кои што ќе конкурираат за овие програми од редот на студентите и од тие причини сакавме нивното учество да биде засилено во управувачкиот одбор. Уште повеќе, имавме дилема, бидејќи предложивме еден заеднички претставник на студентите на приватните високообразовни институции. Тоа е така бидејќи приватните високообразовни институции сеуште се млади институции кои се во зачеток на нивната работа. Некаде здружувањето на студентите е поизразено, во некои од приватните универзитети нема толку силна форма и мислевме дека е на почетокот, тие ќе се договорат, со оглед и на бројот и обемот на студентите кои што во приватните високообразовни институции постои дека еден претставник од нив заеднички ќе ги гарантира декларативно загарантираните права за учество и работење на проекти од нивен заеднички интерес.

Со колегата заменик министер дебатиравме и неофицијално. Сега мене ми е несватливо зошто прават управен одбор од 5 члена и тоа Министерство за образование и наука, Министерство за финансии и Македонско младински прес и два од Советот на младинските невладини организации. Кои невладини организации? Бидејќи ова е преширока формулација. Може да биде формирана младинска невладина организација согласно со Законот за здружение на граѓани, без малку од помала, или поголема групација која младинска невладина организација ќе има право да делегира свој претставник. Има ли механизам, има ли начин? Од тие причини ние прецизиравме зошто е потребно стрикно од кои организации да има претставник. Ништо не смета ако телото брои 11 члена. Напротив, искуствата покажале дека постојат помали можности за манипулација за инструментализација на членовите во функција на политичка партија, или некои други странични влијанија во делот на остварувње на правата на студентите при рангирањето. Од тие причини, јас мислам дека амандманот треба да се прифати. Само ќе доведеме до создавање на поквалитетен закон во кој што правата на студентите ќе бидат и декларативно потврдени.

**Бесим Догани:** Има збор господинот Азис Положани, повелете.

**Азис Положани:** Бидејќи јас за жал немав можност да се вклучам во расправата за претходниот амандман кој го предложив јас и кој приближно со истата тема и цел кој го има и овој поднесен амандман за кој се расправа. Значи, дозволете ми уште еднаш да ги нагласам аргументите зошто управниот одбор, или раководителот на оваа структура не е во согласност со потребите и обврските кои ќе ги преземе овој управен одбор, со цел за остварување на одредена политика со закон. Оставајќи го на страна тоа што го предложив јас, бидејќи тој амандман помина и не се прифати од страна на Министерството, мислам дека треба да има поконкретен пристап и поконцизен во утврдувањето на лицата, или структурата на управниот одбор. Затоа предложениот амандман од господинот Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска е во функција на објаснување и проширување на областа која ќе се покрие со повеќе лица и застапени во однос на начелата и принципите и по редовни постапки. Од причина што иако дел од активноста на оваа управа ќе биде и спортот и младите, не треба да заборавиме дека клучниот дел е во однос на образованието, со мобилноста. Затоа и така се вика самиот Закон за мобилност, значи Агенција за мобилност и како таква воглавно се работи за односот на студентите со професорите и други структури на кои треба да им се гарантира и да им се овозможи една таква мобилност, затоа што на крајот на краиштата за тоа се и овие средства. И опфаќајќи ги тие во раководните структури, или во управниот одбор на оваа институција одредени како што е интеруниверзитетската конференција и организациите на млади регистрирани, зошто не и на спортот, но не во толкав голем број колку тие да бидат на штета на тие кои се занимаваат со образование во овој даден случај. Мислам дека предложената структура од Законот не е соодветна. Амандманот го надополнува тоа и го заокружува овој управен одбор и тоа го комплетира. И затоа треба да се прифати овој амандман за да се подобри структурата на управниот одбор и да овозможи една поширока транспарентност и вклучување, поконкретно вклучување на сите релевантни фактори и заинтересираните структури кои ќе бидат дел на третманот од страна на управниот одбор. Затоа јас сум за да се поддржи овој предложен амандман.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Положани.

Има збор пратеникот Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Ако во сите досегашни излагања и на претставникот на Владата и на нас како пратеници по повод овој закон бевме неподелени во оценката дека ова е важен закон за младите во Република Македонија и за студентите. Тогаш, навистина сметам дека треба и дека заслужуваме поголема елаборација и подобро образложение од страна на претставникот на Владата зошто овој амандман не се прифаќа. Имено, членот 12 кој што е предложен во законот предлага управниот одбор на Националната агенција да го сочинуваат претседател и 4 члена и тоа по еден од Министерството за образование и наука, од Министерство за финансии и Македонско

младински прес и два од Советот на младинските невладини организации.

Сега се поставува прашањето, зошто во закон е направена ваква рестрикција и зошто е одбран токму македонски младински прес, во чие име, кого го застапува македонски младински прес и што ќе се случи ако на пример оваа организација за која што очекувам да добијам поголемо образложение зошто е одбрана, од кои причини е одбрана, каква е структурата, со што до сега се занимавала за да го заслужи почесното место во овој закон, што ќе се случи ако таа згасне. Дали ќе го менуваме законот и дали е тоа доволно релевантна организација која што може да биде, да делегира еден член во управнот одбор за едно вака важно прашање, имајќи ја во предвид улогата на управниот одбор што ќе ја раководи и управува Националната агенција. Ако е ова закон кој што практички треба да им помогне на младите, тогаш е логично да се зголеми бројот и учеството на младите во управниот одбор. Затоа ние предлагаме бројот на членовите во управниот одбор да се зголеми. Меѓутоа не само на претставниците на студентите, туку и од Министерството за образование и наука и од Министерството за финансии заради тоа што се клучни партнери и би требало да бидат клучни партнери во функционирањето на Националната агенција на студентите. Меѓутоа, сметам дека неизоставно мора да има по еден претставник на Сојузот на студентите од секој државен универзитет и еден заеднички претставник на студенти на приватните високо образовни институции.

Јас претпоставувам дека ова за пратеничката група на ДПА не е интересен закон, меѓутоа очекувам барем минимум внимание. Ако некој не е заинтересиран да слуша, може да излезе.

Она што за студентите претставуваат релевантни претставници, тоа е Сојузот на студентите. Заради тоа како партнер и во досегашната соработка на Министерството со студентите бил Сојузот на студентите и сојузите на студентите на секој од државните универзитети и претставници на студентите на приватните високообразовни институции. Меѓутоа, никако Македонски младински прес и Совет на младински НВО. Јас навистина очекувам од заменик министерот образложение зошто Министерството се одлучило на ваков чекор, зошто ги одбрало токму овие две организации Македонски младински прес и Совет на младински НВО, особено заради тоа што се сомневам дека таков совет е етаблиран и постои. И доколку не сум во право, јас очекувам од Министерството да ме демантира и да ми каже, кој е тој совет, какви биле неговите активности досега и како го заслужил своето место во законот. И што ќе се случува доколку овие две организации престанат да постојат од различни причини, како невладини организации може многу лесно да се случи да згаснат. Дали тоа значи дека Управниот одбор на Националната агенција ќе остане без доволен број на членови, дека нема да може да функционира и со тоа ќе се загрози функционирањето и улогата на Националната агенција. Дали се толку важни партнери за да го доведеме во прашање целиот закон и да правиме измени во законот доколку овие две организации престанат да постојат. Јас очекувам одговор, заради тоа што мислам дека Министерството должи ваков одговор не само на нас пратениците, туку и на јавноста.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Реплика господинот Гарип Каба, повелете.

**Гарип Каба:** Ви благодарам господине потпретседателе и почитувани пратеници,

Сакам на госпоѓа Грковска да и реплицирам во врска со нејзиното излагање кое го имаше претходно. Сакам да нагласам дека госпоѓата доаѓа овде на пленарна седница попладне кога нејзе ќе и текне и расправа за работи кои не се интересни за нас. И така ова парламентарно мнозинство сега е веќе 16,00 часот, уморни сме од излагања кои се повторувани и претходно не држат и нема зошто да се чуди Грковска кога не и се исполнува условот или нејзиниот амандман. Затоа мислам дека нема зошто да бара тишина во салава, уште повеќе кога таа самата не е внимателна и дисциплинирана како пратеник. Треба да дојде во одредено време да учествува на пленарни седници и да расправа, дискутира, а не паушални дискусии и после да бара дисциплина од другите пратеници. Би ја замолил во иднина да биде повнимателна кога ни се обраќа во врска со тоа кој го нарушува мирот во оваа сала, да биде повнимателна за да нема реплики од оваа природа. Бидејќи во иднина сигурно дека револтот на парламентарната група на ДПА ќе биде понагласен и сигурно ќе биде попогодена госпоѓата Грковска.

**Бесим Догани:** Една минута контра реплика Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Господине Каба, јас не сум изненадена од вашата реакција. Заканите се стил на работење на Демократската партија на Албанците заедно со нивниот коалиционен партнер ВМРО-ДПМНЕ и тоа воопшто ниту ме изненадува ниту ме потресува. Проблем е што вие не можете да обезбедите кворум цел ден. Ние сме во Собрание од 10,30 часот сабајле и проблемот е што вие кога ќе се појавите во салата, тогаш гледате кои пратеници се присутни и мислите дека тогаш дошле. Побарајте денеска снимка од седницава и ќе видите кој во колку часот бил дојден.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор пратеникот Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Почитувани колешки и колеги пратеници ...

(Аплауз)

Јас не сум од оние пратеници кои што бараат апсолутна тишина во салата заради тоа што сметам дека тоа е невозможно, заради тоа што сметам дека додека одредени пратеници дискутираат, нормално е другите колеги да имаат можност да дискутираат за различни дилеми. Меѓутоа, очекувам тоа да биде на пристојно ниво и да не смета на останатите пратеници кои што имаат излагање и не очекувам непристојни коментари од колегите заради тоа.

**Бесим Догани:** Госпоѓице Грковска по втор пат ве молам да зборувате за амандманот.

**Славица Грковска:** Сега околу амандманот. Ако го прочитате внимателно образложението ...

(Аплауз)

Образложението кое што е дадено ...

(Аплауз)

За предлогот за донесување на Законот за основање на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, ќе видите дека првата реченица која што е наведена е дека е целта на Законот да се создаде правна основа за искористување на средства од програмите на Европската унија, “Млади во акција” и “Доживотно учење”. Значи ова е закон кој што е наменет исклучиво за младите. Тоа го пишува и понатаму во образложението. Основањето на тело самостојно во својата работа кое не е регулирано со Законот за организација и работа на органите на државна управа и Законот за Влада на Република Македонија е предуслов да може Република Македонија да ги користи фондовите од овие програми. Ако Националната агенција за европски образовни програми и мобилност треба да ги координира програмите, “Млади во акција” и “Доживотно учење” со потпрограмите Комнениус, Еразмо, Леонардо Давинчи, Грунтвик, Жан Моне и Трансферзалната потпрограма кои што се до овој момент постоечки во Европската унија, тогаш е логично да бараме во амандманот да биде зголемен бројот и на претставниците на Министерството за образование и на Министерството за финансии, меѓутоа, исто така и бројот на студентите кои што ќе бидат претставени од нивните релевантни претставници, а тоа е Сојузот на студенти. Само да потсетам потпрограмата Комнениус одговара на потребите за предавање и учење на сите од предшколско, основно и средно образование и на установите кои го спроведуваат таквото образование. Потпрограмата Грунтвик одговара на потребите за предавање и учење на сите оние кои се дел од образованието за возрасни, како и на институциите и установи кои го спроведуваат таквото образование и опфаќа развивање на применети политики, на иновации и на доживотно учење, промоција на учење јазици, развивање иновативна содржина заснована на информациска и комуникациска технологија, педагогија и практика за доживотно учење, распределба и примена на резултатите од активностите подржани според програмата и размената на добра практика.

(Аплауз)

Потпрограмата Жан Моне опфаќа распределување на грантови за поддршка на одредени институции и установи кои решаваат прашања поврзани со европската интеграција и распределување на грантови за поддршка на други европски институции и асоцијации од областа на образованието и науката. А трансверзалната програма опфаќа индивидуална мобилност, студиски посети за експерти, мултилатерални проекти, тематски мрежи за работа на прашања поврзани со содржината на доживотното учење. Програмата “Млади во акција” ги опфаќа сите активности кои имаат за цел развивање на соработката помеѓу младите. Заради ваквите цели, заради ваквата содржина на програмите логично е бројот на студенти во Управниот одбор кој ќе раководи со Националната агенција да биде претставен, прво да биде зголемен и да биде претставен од нивните релевантни претставници, а тоа се Сојузот на студентите.

Тоа е Сојузот на студентите при универзитетот “Кирил и Методиј” при универзитетот “Свети Климент Охридски” во Битола меѓутоа исто така треба да ги претставува и сите оние студенти кои што се запишани на приватните високообразовни нституции.

Госпоѓо Јаневска вие зборувавте 6 часа во ова Собрание и тоа само заради тоа што читавте одреден закон од збор до збор без никакво образложение...

**Бесим Догани:** Ве молам не се обраќајте на пратениците.

**Славица Грковска:** Ова што јас го правам е давање на аргументација за амандманот кој што е предложен. Вие најмалку имате право да ми дофрлувате од страна.

Значи, јас очекувам и уште еднаш го повикувам минситерот за образование, заменик министерот за образование да одговори како е одбран македонски младински ПРЕС да биде претставник на младите во Управниот одбор на Националната агенција и како е одбран Советот на младински МВО и која е таа категорија младински МВО, која што треба да ги претставува младите во Управниот одбор на Националната агенција.

Замислете ако ние не знаеме кои се, јас сум убедена дека тоа не го знаат ни студентите, ниту младите во Република Македонија, како ќе знаат младите во Република Македонија кој го застапува нивниот интерес и кој ќе им помага, кој ќе ги упатува до колку не слушнат од оваа говорница како е извршен изборот на овие две “организации” до колку сега немаме објаснување за тоа. Тоа ни го должите како објаснување, едноставно мора да одговорите на овие прашања. Ние мора да знаеме што гласаме во законот. Мора да знаеме кои се тие луѓе, со што

заслужиле овие две организации да бидат во Управниот одбор на Национанлната агенција.

Во крајна линија сакам да ве прашам дали Македонски младински прес имало досега активноси кои што се поврзани со работење на ваквите програми, дали има меѓународно искуство, дали има искуство во работењето со студенти, дали Советот на Младински МВО-а е официјално регистрирано тело, од кого се состои да можеме да знаеме и во крајна линија до колку ни дадете друг аргумент можеме да го повлечеме амандманот ако доволно не убедите дека ова е точно составот кој што треба да се прифати. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓице Грковска.

Повелете процедурално госпоѓо Јаневска.

**Весна Јаневска:** Благодарам.

Значи јас госпоѓице Грковска сосема ве разбирам, вие бевте превозбудени за да ја сватите мојата интервенција, но и покрај тоа барам извинување од вас, а ја разбирам вашата возбуда заради недоличното однесување на пратениците во Собранието.

Но сепак ова е последен пат што се обидувам, значи не заслужувате, се обидувам да го сочувам достоинството на некој пратеник кој го исмеваат, а значи моето и позитивно влијание овде се сваќа негативно и во иднина нема тоа да го правам за пратениците на СДСМ и сепак барам да ми се извините.

Инаку јас јавно кажувам сметам дека е недолично однесувањето на пратениците од мнозинството кои вака се однесуваат во Собранието и не сакам да бидам учесник во тоа и нема да правам проблем во иднина кога ќе се изрази непочитување кон било кој пратеник, затоа што тоа го чувствувамкако лично непочитување и кон мене, кога утре можеби јас ќе се најдам на говорницата. Не ме интересира дали некој се согласува со мојот говор или не, должни сме ние овде да си изразиме должна почит, затоа што не сте не бирале ниту вие, ниту било кој друг сте бирале вие. Народот не бира и ние овде го претставувам енародот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Јаневска.

Јас ја опоменав госпоѓица Грковска да не ви се обраќа во нејзиниот говор и мислам дека деловничкото право да ја опоменам го искористив.

Што се однесува до аплаудирањата на пратениците јас не знам дали се саркастични, цинистички или искрени, секогаш се случувало тука во Собранието да има аплаузи, и не е против Деловникот. Вие може тоа како сакате да го сватите деловнички нема никаков пропуст да се даде аплауз за говорник кој ви се допаѓа.

Госпоѓица Славица Грковска се јави за збор, повелете.

**Славица Грковска:** Потпретседателе, бидејќи бев прозвана сакам да кажам дека во целата непристојна атмосфера, која штоја креираа пратениците на ВМРО-ДПМНР и ДПА ...

**Бесим Догани:** Се извинувам, ова е процедурално, така ли?

**Славица Грковска:** Сугестиите и дофрлувањата на госпоѓата Јаневска се гледаа дека се во нивен контекст. Ако нејзините намери биле поинакви јас се извинувам. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам .

За збор се јави госпоѓа Валентина Божиновска, повелете.

**Валентина Божиновска:** Благодарам потпретседателе.

Јас кога го добив материјалот - Предлог за донесување на закон за основање на национални агенции и тогаш и сега го помислив следното. Дека е многу страшно и многу тешко кога ќе видите дека основните критериуми за избирање на органот на раководење е следниот.

-да е државјанин на Република Македонија;

-да има завршено високо образование и

- да има активно познавање на англиски јазик, како и

- да има три години работно искуство со менаџирање на програмите од заедницата.

Ова последното не значи ништо апсолутно кога во било кој весник да отворите во Европа или во светот точно клучните критериуми особено за директор на ваква национална агенција, повторувам со претдзнакот национална е многу сериозна работа. Значи, кажувам не знам по кој пат тие критериуми мора да бидат толку, еве условно говорам колку учебници има идниот директор, дали има 10 книги издадено, колку има стручни трудови во однос на образованието. Тие стручни трудови каде се објавени. Дали се објавени во земјите од Европската унија, затоа кога ќе ги зимаме парите да не остане оваа агенција, национална агенција која ќе финансира, еден ден памтете ми го зборот, а ќе дојдеме до тој миг да бидат финансирани само од парите од Буџетот. Сега во истиот момент се случува во Министерството за екологија. Во Министерството за екологија се стигнати пари од Швајцарија, но никој нема да ги операционализира. Нема начин, Програма како да ги земе тие пари. Ако оној директор кој има високо образование и познава англиски јазик, а е предлагач на програмата.

**Бесим Догани:** Госпоѓо Божиновска Ве молам амандманот на госпоѓица Грковска не се однесува на тоа.

**Валентина Божиновска:** Се извинувам потпретседателе, јас сакам да укажам на нешто кое е многу сериозно во овој момент. Утре ќе речат оваа агенција може да се случи да биде пералница на пари. Тоа е страшно.

Повторно кажувам уште една реченица, потпретседателе дозволете да тој ја предлага програмата, а да ние не знаеме што предлага.

Бидејќи ние имаме активно познавање на групација која има доживотно учење во моментот и млади во акција ќе се случи тие да аплицираат, но нема да има соодветна програма за тоа. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Божиновска.

Господин Герамитчиоски збор или реплика?

Збор, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Потпретседателе, почитувани пратеници.

Јас немам намера да си играм со вашата стрпливост, само би ве замолил за внимание. Добро прочитајте што се предлага, ова е многу важна агенција, добро прочитајте и разислите што се предлага, отфрлете го нашето искажување, нашите сугестии, не мора. Еве од СДС исфрлете. Но, видете, ако го усвоите законот што ќе значи. Значи, управен одбор го сочинуваат претседателот и четири члена и тоа по еден од Министерството за образование, Министерството за финансии и Македонски младински прес. Значи тројца и двајца од Советот на младински МВО. Ви се молам, кој се овие, кој се овие по кој китериуми, значи немате ни мнозинство од институции, етабирани институции, од петмина двајца се од Министерства и тројца се од фантомски организации или имате друга намера. Мислам дека треба јавно да се каже или имате друга намера. Дајте специфицирајте го тоа, не мора да се прифати тоа, но кажете еден универзитетот, еден од тука, кои се ови институции. Ве праша колешката. Управен одбор во кое што мнозинство создавате од институции кои што никој не ги познава. Ајде да учествуваат од петмината тројца се покриваат од Министерствата, па двајца претставници, мислам дека одите на тенка линија и дека ќе се направи грешка во функционирањето или имате некои други планови за кои што јас не знам или јас немам доволно информации, не ги познавам овие институции, но два претставници од Совет на младински невладини организации, ви се молам тоа е прешироко формулација, давате преголем простор, може сомнеж за политизација, најдобронамерно ова сватете го, не сакам навистина да си играм со вашата стрпливост. Не мора да го прифатите амандманот, но мора да се направи некоја корекција. Ние дадовме прецизно кои да бидат членови на управниот одбор, при што во предлог на амандманот мнозинството се од институциите, од министерствата водевме сметка од 11 члена, 6 члена да бидат од двете клучни министерства. Тие ќе управуваат со парите, со средствата, тие ќе ја имаат одговорноста на работа на националната агенција, па како сакате.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Герамитчиоски.

За збор се јави госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Мислам дека треба да сфатиме дека станува збор за навистина многу сериозно прашање. Вие сте биле свесни и до сега ние не сме инсистирале толку на одговор за одредено прашање како за ова и затоа е клучно Министерството да се произнесе зошто се одбрани, зошто е одбран ваков состав на управниот одбор и зошто се одбрани вакви фамозни невладини организации. Заради тоа што, ако видите за што се е надлежен управниот одбор, ќе видите дека ние во суштина не знаеме на кого ги даваме ингеренциите за раководење на Националната агенција. Не знаеме на кого, заради тоа што не знаеме кои се тие две организации. Совет на младински МВО не може да биде орган. Не може да биде релевантен претставник. Македонски младински прес јас не разбирам каква врска има Македонскиот младински прес со Националната агенција и со нејзиното раководење. Значи, управниот одбор го донесува статутот на Националната агенција, го избира и разрешува директорот, донесеува годишна програма за работа на Националната агенција, донесува завршна сметка, донесува годишен извештај за работењето на Националната агенција, го донесува годишниот финансиски извештај за Националната агенција. Дава согласност на актите за организација и работа и систематизација на работните места Националната агенција. Значи таму ќе има луѓе кои што ќе работат, кои што ќе бидат вработени и кои што ќе очекуваат некој да ги раководи. Одлучува по приговорите во врска со работниот однос на вработените во Националната агенција, донесува деловник за своја работа и врши други работи утврдени со статут. Кои се тие луѓе кои што ќе ги прават ове работи кога мнозинството се претставници во управниот одбор, се претставници на организации кои што ние не ги познаваме. И тоа не е инвидуално прашање, не е тоа прашање на инвидуална информираност, моја и на господинот Герамитчиоски, или на другите пратеници, прашање е што Владата го уредила со закон. И затоа е важно Министерството да се произнесе и да каже како е направена селекцијата на овие две организации. Кои се тие? Како во рацете на кои луѓе ние даваме вакви ингеренции на Националната агенција. Националната агенција е многу сериозно дело. Не можете да ме убедите како што еден од вашите аргументи претходно беше дека Брисел инсистира двете програми да стојат во членот 1 како децидни програми кои што во моментот се важечки за млади во Европската унија и дека сега Брисел инсистира точон ваков да биде составот на управниот одбор. Точно од Македонски младински прес и од Совет на младински МВО. Па кажете ми бидејќи ова е еден од законите кое го носи европското знакче, кажете ми во која друга држава е ист ваков составот на управниот одбор, во која држава мнозинство во управниот одбор на Националната агенција е во рацете на

непознати владини организации. Заради тоа што мнозинството во упраниот одбор е нивно. Дали во други држави постои Македонски младиниски прес како тие се викаат таму, која е нивната улога и дали во други држави постои Совет на младински МВО. Што значи тоа младински МВО?

Дали сте свесни колкава палета на невладини организации може да се стави под капата младински МВО. Сите невладински организации кои се занимаваат со младински прашања од било каков карактер кој што немаат врска со овие програми. По коректно би било да признаете или да кажете дека со овие две невладини организации кои што вие сте ги формирале и заради луѓето што ги раководат на кои што сте им ветиле некаква фунција после изборите, дека нема друг начин како да ги удомите освен да им дадете улога во упраниот одбор на Националната агенција. Меѓутоа, тоа не е функцијата на законот. Јас апелирам до парламентарното мнозинство навистина да разбере дека ова не е прашање на различна партиска политика, не е прашање за различна идеологија, прашање е на проблематизирање на начинот на функционирање на една многу фажна национална агенција која што ќе има многу важна улога за младите во Република Македонија. И ние мора да бидеме на чисто пред да излеземе од оваа сала, на кого му го даваме раководењето со оваа Национална агенција. Не е тоа играчка, не е играчка ни управен одбор на некое јавно претпријатие, а камо ли со ваква Национална агенција. И за тоа јас навистина тоа што заменик министерот за образование не се јави и молчи сака да го премолчи ваквото наше барање и ваквата наша аргументација единствено уште повеќе ни дава за право да толкувам дека сме во право и дека нешто друго е во прашање. Иначе, навистина не гледам логика, зошто не би бил прифатен ваквиот амандман заради тоа што ниту, ако гледаме само од партиски аспект, ниту Министерството за обазование во овој момент е во рацете на СДСМ, ниту Министерството за финансии во овој момент е во СДСМ, ниту пак некој од Сојузот на студенти, од претседателите не ни е познато дека е член на СДСМ и дојде на таа позиција благодарејќи на СДСМ, значи нема партиска политика во амандманот. Тоа сакам да ве убедам и за тоа ве молам да размислите заради тоа што во моментот можеме да направиме сериозна грешка која што понатаму ќе не чини нормално функционирање на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓица Грковска.

Господине Николовски вие сте за реплика, министере вие исто за реплика.

Повелете, господине заменик минстре.

**Јован Лазарев:** Јас не се јавувам за реплика за да едноставно тргнеме напрет, бидејќи многу многу закони седат и многу со некои дискусии го развлекуваме, ја одолговлечуваме донесувањето на законот, еве сега конкретно што се предлага во амандманот, па да објаснам зошто.

Во амандманот се предлага во Управниот одбор наместо 15, да брои 11 членови од кои по тројца од Министерството за образование и наука и Министерството за финансии, по еден претставник од Сојузот на студенти од секој државен универзитет и еден заеднички претставник на студенти на приватните високообразовни институции.

Првата препорака е во овој управен одбор министерствата да немаат доминантно членство, значи министерствата да немаат доминација, од пет да бидат три. Со ова би имале мнозинство.

Второ, оние кои имаат членови на управен одбор, според објаснувањето од Брисел, тие после немаат право да аплицираат за програмите. Значи овие младински организации сега што се ставени тука, немаат право да аплицираат понатаму во програмите.

Направена е голема расправа со сите младински организации, тоа скоро со консензус е донесено, овие да бидат, бидејќи имале најголем број на членство и тн. Значи разговарано е со сите невладини организации.

Студентската организација е потенцијален корисник на овие фондови. Од тие причини не е предожен член од студентската организација и не е точно дека е тоа само за млади - “Млади во акција”. “Доживотното учење” е за сите. И корисниците се ученици, не само студенти, студенти учесници во обука, потоа наставници, професори, значи можевме и од професорите некој член да ставевме, институции или установи учесници на пазарот на трудот, претпријатија се потенцијални корисници, асоцијации, истражувачки центри, здруженија на граѓани и фондации се потенцијални корисници на овие фондови. Значи не е точно дека е само за млади оваа агенција или овие фондови.

**Бесим Догани:** Благодарам замениче.

Една минута контра реплика госпоѓица Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Прво, не можам да се согласам дека дискусиите за одредени амандмани, одредени членови на законот, единствено треба да се сфатат како одолговлекување за донесување на закони. Едноставно тоа не е така. Нашата улога е да донесеме квалитетни закони, па макар некогаш и пола ден да дебатираме, како што сме дебатирале цел ден за амандманот за заштита волкот и не гледам тука ништо страшно.

Меѓутоа, заменик министре, вие ќе ја скратите дискусијата до колку првата наша реакција се јавевте и го објасневте ова и кажевте врз основа на кој критериум сте се одлучиле за ваков управен одбор.

Јас не реков дека оваа национална агенција е само за млади, меѓутоа дека најголем дел од

корисниците ќе бидат млади и заради тоа имаат право на поголемо учество во управниот одбор од националната агенција. Затоа мислам дека се прави сериозна грешка со ваков управен одбор.

**Бесим Догани:** Благодарам.

За збор се јави господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Се извинувам на сите колеги што повторно се јавувам, но навистина тоа не држи. И да ви ги прифатам сите ваши образложенија. Ви се молам, сум бил член на владини институции. Во која држава ќе се дозволи државна институција да нема мнозинство во управен одбор од страна на државните институции. Знаете ли што правиме. Од пет члена тројца предлагате од овие младински совети што јас не ги знам. Еве моето информирање е слабо, јас го признавам тоа, вие подобро го знаете иако јас во четири-пет години не сум слушал дека постои совет на младински невладини организации, или допрва се мисли да се формираат. Нека има членови, но вие мнозинство давате. Во управниот одбор од пет члена тројца ќе имаат право, тие ќе го бираат директорот. Владата го има направено овој превид. Јас сум убеден, да направат ревизија сега, ни една влада нема да дозволи од нивните министерства да нема мнозинство во управниот одбор. Нон сенс е тоа. Ќе има средства од меѓународни институции, а Владата е гарант на тие средства. Која ќе биде одговорноста на Владата пред претставниците на управниот одбор. Од министерствата се претставници на Владата. Другите членови се од невладиниот сектор. Не е исто ниво на одговорноста, ви се молам. Даваме прецизен предлог, 11 члена и 6 члена се владини претставници, пет члена се студенти. Едноставно каде гледате проблем. Тие ќе го избираат директорот. За другите амандмани, јас знам дека ви се брза, но другите амандмани се од техничка природа, не се толку важни, само се за подобрување на текстот и не мора да се прифатат, но ова е клучно. Јас ве молам да размислите што правите и уверен сум дека тоа е пропуст што Владата од некои други причини си го направила, или можеби сум во заблуда, можеби имате некој друг план, но тоа е меч со две острици. Не е иста одговорноста на луѓето кои влегуваат во управувачкиот одбор и имаат мнозинство, во однос на државните институции кои ја носат одговорноста за државата.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Реплика има заменик министерот за образование, повелете.

**Јован Лазарев:** Должен сум да ве информирам дека во државите во кои мнозинството на членови во управни одбори се владини претставници односно министерствата, се стопирани фондовите од овие програми и на државите им е наложено да ги променат законот и членовите на управниот одбор. Тоа е случај со Хрватска, со Бугарија, а претходно бил и со Словенија. Така што шест члена од министерството и пет од надвор, не доаѓа предвид. Невладините организации треба да доминираат.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Три минути реплика за госпоѓа Валентина Божиновска на говорот на пратеникот Тале Герамитчиоски.

**Валентина Божиновска:** Добро е тоа што го кажа министерот дека можеби невладините организации, тоа е земено од европското законодавство.

Моето прашање до сите , еве да разговараме, бидејќи проблемот е многу сериозен, е тоа дека постои Универзитет на трето доба во Македонија и е невладина организација која егзистира осум години, се финансира со свои средства од 50 денари. Осум години имаат два пати во неделата предавање, можеби делумно се финансирале и од Буџетот, Тале ќе каже, но јас колку што знам тие се самофинансираат. Нели мислиме дека такви невладини организации треба да бидат таму, тоа е вистински егземплар во моментот да бидат дел од тоа. Осум години 200 луѓе - трето доба, се вика Универзитетот трето доба, 200 луѓе посетуваат предавање на Филозофскиот факултет, на уметничките академии и тн. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Божиновска.

Една минута контра реплика за господин Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Оваа приказна ја слушам два пати дека Брисел се замешал како да изгледа законот и дека во законот треба да стојат тие две програми и дека, ако не постојат тие две прграми, ако постојат европски образовни програми како пристапни, дека тие едноставно нема да ни го уважат законот.

Ви се молам, во Република Македонија живееме или каде, си ги знаеме ли нашите ингеренции како законодавна власт или не? Каков е тој изговор дека ќе се укине управниот одбор ако државните институции имаат управувачки пакет. Па ние овде за низа закони се расправаме дека независни регулаторни тела се сака да се стават под капата на министерството. Имаме тројни и четворни аршини за една ситуација?

**Бесим Догани:** За збор се јави госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Не сакав да се вклучувам во дискусијата затоа што гледам дека некако сме нестрпливи што обрзо да се донесат законите, но сметам дека некогаш е подобро можеби и малку повеќе да се задржиме на некои клучни прашања, но да ги работите завршуваме.

Јас почитуван претседателе, навистина тешко е да се концентрира човек и да говори за она што е предмет на нашата дискусија поради целокупното

однесување на дел од пратениците од парламентарното мнозинство, но, ќе се обидам да продолжам.

Значи да се задржам на она што е предмет на денешната дискусија.

Говориме за многу сериозна работа. Колегите предлагачи на амандманот, навистина се обиделе непристрасно, непартиски, без правење на, овде барем нема простор за популизам или партиски некои определби.

Почитуван потпретседатле, пратениците од парламентарното мнозинство се вртат и ни кажуваат како да говориме. Ве молам, ве молам, спазувајте го редот во салата. Ова е веќе недолично однесување. Ниту во еден парламент во Република Македонија до сега ова не се случувало. И во минатиот состав имавме пратеници кои говореа со часови, некои од нив многу ги респектирам иако тогаш беа во опозиција и ги слушав нивните говори и навистина многу пати нивните укажувања беа добронамерни со цел да се подобри законот, а по одредени прашања беа можеби чисто популистички, затоа што всушност и преку оваа говорница улогата на пратеникот е таа да се обрати до народот. Но, не се случуваше пратениците од парламентарното мнозинство да им кажуваат - доста зборуваш, вртиш едно исто, дај престани и тн., да не цитирам, затоа што моето воспитување не ми дозволува да продолжам со цитирање на дофрлувањата кои секојдневно ги имаме од само еден мал број на одредени пратеници од парламентарното мнозинство и не сакам да ги навредам сите пратеници од парламентарното мнозинство затоа што и тука има луѓе кои се однесуваат многу одговорно и многу достоинствено. Но, ве молам да ја следите расправата и да ги опомените, затоа што и по Деловникот ја имате таа должност.

Почитуван потпретседателе, дали треба секогаш да се користи механизмот да се напушти салата во Собранието затоа што не ни се оозможува да говориме по предметот што е на дневен ред?

**Бесим Догани:** Госпоѓа Топузова јас ве слушам.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам.

Јас ќе се обидам да продолжам.

Што е проблемот? Се работи за еден амандман со кој искрено се сака да се подобри она што можеби е направено и како пропуст во еден момент. Имаме управен одгор во кој за една национална агенција, ве молам агенција национална која е многу важна, за суштината и значењето не сакам да се повторувам поради тоа што одредени пратеници немаат трпение да слушаат, значи нема да се повторувам. Но, кои се овие, заменикот министер кажа дека имаме некои сугестии од Брисел или не знам од каде, дека не може да има мнозинство од владините институции. Добро, почитуван заменик министер, да го прифатиме и тоа, но морате да се согласите со нас дека нема логика од петте члена што вие ги предлагате да имаме два од совет на младински НВО. Ве молам, кажете ми дали постои тој совет од кога постои, кој младински НВО го сочинуваат и какви се тие невладини организации кои го носат предзнакот младински. Дали оние кои не го носат предзнакот младински, а исто така ги третираат проблемите на млдите, не можат да бидат вклучени во Управниот одбор. Мораме да признаеме дека тоа е несериозно.

Еве нека не биде прифатен амандманот од почитуваните колеги пратеници, но добро нека размисли заменик министерот, има време, во текот на расправата нека поднесе амандман со кој оваа грешка ќе биде исправена. Зошто ги ставаме на страна студентските организации и студентските сојузи, како на државниот, така и на приватните универзитети. Не можеме ние вечно приватните универзитети да ги ставаме во одредена положба. Тие се рамноправни универзитети и таму дејствуваат студентски сојузи. Мислам дека навистина треба да имаме малку поовјективен пристап. Приватните универзитети имаат еднакво значење во образовниот систем на Република Македонија. Дури треба да бидеме задоволни дека со појавата на приватните универзитети, можеби и не можеби, туку се подигна нивото на високото образование во Република Македонија. Дајте тогаш и нивните студентски сојузи нека бидат вклучени не само во оваа туку и во другите програми. Извинете, но имам чувство дека овие универзитети секогаш се оставани некако на страна, како самите универзитети така и студентските сојузи.

Очекувам од заменикот министер најдобронамерно ќе ја сфати оваа забелешка и еве додека дебатираме, или можеби и не треба големо време да се поднесе амандман и да продолжиме со работа.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓа Топузова.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги повикувам сите пратеници кои се надвор да влезат во салата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни во салата.

Уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Бидејќи во салата се присутни 61 пратеник, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 57 пратеници, од нив 6 гласаа за, 2 воздржано, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање нов став 5 по ставот 4, поднесен од пратеникот Азиз Положани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование, повелете.

**Јован Лазарев:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати овој амандман и тој ставува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 13, поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование, повелете.

**Јован Лазарев:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот е од техничка природа, но и не е за занемарување.

За што станува збор?

Во членот 13 стои за претседател и член на управнот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува следните услови: да е државјанин на Република Македонија, да има завршено високо образование и да познава англиски јазик.

Ние предлагаме со амандманот "и член на" да се брише. Овие одредби да важат за претседателот на управниот одбор додека тие одредби да бидат полиберални за членови на управниот одбор.

Кое е образложението? Па, господа пратеници, ако веќе од Македонски младински прес и два од НВО-Невладини организации ставате во управен одбор значи не ја дозволувате можноста тоа да биде студент. Така? Бидејќи тој треба да има завршено високо образование. Значи, студентите апсолутно ги исклучувате од теоретска можност да членуваат во управен одбор. Тоа треба да се знае.

Ако го прифатевте амандманот дозволувате поширока рамка, пак вие ставете кој треба, за кој сте предвиделе дека треба да биде, но зошто ја стеснувате рамката да не можат студенти да бидат членови на управниот одбор.

Баш би сакал да го слушнам образложението.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Герамитчиоски.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Бидејќи гласаа само 58 пратеници, би ги замолил службите да ни доставаат точен број на присутни пратеници.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Во салата се присутни 62 пратеници така што гласањето е валидно.

Гласаа 58 пратеници, од нив 4 гласаа за, 1 воздржано, против 53.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 4, поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование, повелете.

**Јован Лазарев:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Ви благодарам.

Ова е последен пат да се јавувам за збор и нема да учествувам повеќе во работата по оваа точка.

Ова е тенденциозно и не се сака воопшто да се излезе во пресрет на подобрување на текст само заради тоа што предлозите доаѓаат од страна на опозицијата.

Ви се молам, амандманот е на член 16 - директорот се избира за време од пет години и може повторно да биде избран само уште еден мандат.

Ние предлагаме наместо пет да биде 4 години како што е секаде исто во секоја агенција.

(Пратеникот ја напушта салата)

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Герамитчиоски.

Реплика има заменик министерот за образование, повелете.

**Јован Лазарев:** Воопшто не е точна констатацијата дека не сме сакале да прифатиме ни еден амандман. За ваша информација веќе прифативме 4 амандмани од пратениците Герамитчиоски и Грковска и еден од пратеникот Положани.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине заменик министер.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 61 пратеник, за амандманот гласаа 58, од нив 3 гласаа за, 1 воздржано, против 54.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 5, за бришење на алинеја 4, поднесен од

пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование, повелете.

**Јован Лазарев:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 61 пратеник за амандманот гласаа 55 пратеници, од нив 1 гласаше за, нема воздржани, против 54.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 за додавање нов став 6, по ставот 5, поднесен од пратеникот Азиз Положани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование, повелете.

**Јован Лазарев:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 62 пратеника за амандманот гласаа 53 пратеници, од нив 2 гласаа за, 1 воздржан, против 50.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Процедурално госпоѓица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Потпретседателе, барам, согласно Деловникот, да го утврдите точниот број на пратеници по гласањето, бидејќи немаше доволен број гласови при гласањето.

**Бесим Догани:** Госпоѓице Грковска тоа ќе го направам сега, тоа го направив и пред малку кога вие бевте надвор и утврдивме дека има 61 пратеник.

Молам службите да ни потврдат уште еднаш за бројот на присутни пратеници.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Госпоѓице Грковска присутни се 63 пратеника, бидејќи и вие влеговте после гласањето, јас реков дека се 62. Реков од 62 присутни пратеници гласаа 53, со вас 63, се надевам дека сте задоволна.

Отворам претрес по амандманот на член 17, поднесен од пратеникот Азиз Положани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование, повелете.

**Јован Лазарев:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 63 пратеника за амандманот гласаа 56 пратеници, од нив 4 гласаа за, 1 воздржано, против 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од пристуните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 63 пратеници за законот гласаа 60, сите 60 гласаа за.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака?

На седницата присуствуваат 12 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство на Република Македонија, од нив сите 12 се за Предлогот на законот.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за основање на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност.

Пред да продолжиме со точката 6 процедурално бара господинот Александар Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам потпретседателе.

Согласно Деловникот би сакал да предложам точката 11, тоа е по членот 74 став 2, Предлог за донесување на закон за јавни набавки, со Предлог на закон да стане точка 6, а точката 15 - Предлог за донесување на закон за изменување и

дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање, со Предлог на закон, да стане точка 7.

Останатите точки да се поместат за две места надолу.

Барам поддршка од 10 пратеници.

**Бесим Догани:** Имате поддршка.

Предлогот на господинот Николовски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот на господинот Николовски гласаа 56 пратеника од нив 52 гласаа за, воздржани нема, против 4.

Констатирам дека предлогот на господинот Николовски се прифати.

Затоа ве молам, без излегување од сала, само 5 минути пауза за да го промениме сценариото.

(Паузата е дадена во 17,08 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,15 часот)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги завземат своите места, продолжуваме со работа.

Ги молам службите да ги затворат вратите.

За процедурално се јави господинот Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Со оглед на тоа што се направи промена во редоследот на дневниот ред за оваа седница, бидејќи претходно имавме координација во Собранието со координаторите на пратеничите групи, на која што вакво барање не беше поставено, ниту усогласено со парламентарните партии, едноставно беше разговарано да се прекине 53-тата седница, да се започне со оваа седница која што е сега во моментот без никакви дополнителни барања за што се сложивме.

Бидејќи на ваков начин се направи промена на дневниот ред и бидејќи СДСМ, пратеничката група се договорени односно се подготвени за расправа по Законот за јавните патишта, бараме еден час пауза, според Деловникот во името на пратеничката група, за да се подготвиме за расправа по Законот за јавни набавки. Благодарам.

**Бесим Догани:** Господине Спасовски, со оглед дека оваа седница е продолжение со оглед дека вие знаевте за тоа дека оваа точка денес ќе биде на дневен ред, јас ви одобрувам пауза, но во време траење од 15 минути. Благодарам.

(Пауза од 17,17 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,38 часот)

**Бесим Догани:** Продолжуваме со работа.

**Минуваме на точката 11 - Предлог за донесување на закон за јавните набавки, со Предлог на закон**

Процедурално бара збор Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван потпретседателе заради вашиот потег и заради недоволното време барам пауза од 25 минути во име на пратеничката група на СДСМ. Тоа е согласно Деловникот и ве молам, вие немате право да бирате колку пауза ќе ни дадете, имате обврска согласно Деловникот да ни дадете пауза онолку колку што бараме.

И ве молам да ми објасните доколку не се согласите на ова, врз основа на кој член во Деловникот вие имате право да бирате колку минути пауза ќе ни дадете.

**Бесим Догани:** Ве молам, пауза може да бара само координаторот на пратничката група или заменикот.

Госпоѓица Грковска ви давам пет минути пауза.

(Пауза од 17,40 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,45 часот)

**Бесим Догани:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места, продолжуваме со работа.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон и извештајот на Законодавно-правна комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Процедурално бара збор господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе согласно член 79 став 3 во име на пратеничката група на СДСМ барам пауза од 25 минути, бидејќи треба да зборуваме за јавните набавки што некои незаконски, како на пример пратеничката Куновска што веќе довикува, ги прави во оваа држава. Затоа сакаме подобро да се подготвиме.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Макрадули.

Десет минути пауза.

(Пауза од 17,46 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,57 часот)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да си ги завземат своите места.

(Процедурално бара збор господинот пратеник Оливер Спасовски)

Се извинувам господине Спасовски но навистина времето не дозволува за уште едно процедурално прашање бидејќи ќе морам во мое и на ваше име на сите граѓани на Република Македонија да им го честитам празникот 8 Септеври - Ден на независноста.

Тука ја прекинувам денешната седница.

Продолжуваме во понеделник во 11,00 часот со нова 69 седница.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот)